# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **05. 09 .2014 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Маке донски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 8 – 2014 год.** |

Септември 2014

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003),а по барање на ТППЕ - Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 август 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За оттуѓување на основно средство - моторно возило цистерна**

**во неисправна состојба**

**Член 1**

Со оваа Одлука се оттуѓува основно средство- моторно возило, цистерна против пожарно возило ФАП 1314 во неисправна состојба,сопственост на ТППЕ - Македонски Брод.

**Член 2**

Основното средство-возило, цистерна утврдено во член 1 од оваа Одлука се оттуѓува бидејќи е во неисправна состојба а средствата добиени од продажбата ќе се искористат за набавка на моторно возило лада –нива за потребите на ТППЕ –Македонски Брод.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07 – 627 / 3**
**29.08.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за оттуѓување на основно средство-моторно возило цистерна во неисправна состојба**

Се прогласува **Одлуката за оттуѓување на основно средство-моторно возило цистерна во неисправна состојба,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година.

**Бр.08 - 627 / 11**
**05 .09.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 629 од Сообраќаен испитен центар АМ ДОО Битола, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# **З А К Л У Ч О К**

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК да се овласти Градоначалникот на општина Македонски за потпишување на договор за давање на користење на простор за обавување на дејност на Сообраќен испитен центар за регинот на Битола и за 11 општини кои гравитираат во тој регион во кој гравитира и нашата општина.Висината на закупнината да изнесува 3.000,00 денари и со обврска закупопримачот да ги плаќа комуналните давачки за тековно одржување на закупениот простор (електрична, топлинска енергија и вода).

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 627 / 4**
**29.08.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 620 од Крстески Симе со ЕМБ 1902951444011 со место на живеење на ул.Кочо Рацин бр.5 Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК да се прифати барањето на Крстески Симе од Македонски Брод ул К.Рацин бр.5 за размена на градежна парцела која му била доделена од ЕЛС Македонски Брод, а во моментов зафатена со дивоградба, за нова градежна парцела која ќе му биде понудена од секторот за урбанизам и заштита на животната средина .

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 627 / 5**
**29.08.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 602 од м.з. Ковач, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК да се прифати барањето од М.З. Ковач а секторот за урбанизам и заштита на животна средина при општина Македонски Брод да изврши проценка и изготви спецификација за поставување на ограда на мостот што го поврзува патот од село Самоков за село Ковач .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 627 / 6**
**29.08.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07-621 од м.з Сланско, Советот на општина Македонски Брод  на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК да се прифати барањето од М.З Сланско за набавка на одводни цевки ф-100 со вкупна должина од 100метри за изградба на одвод и систем за регулација на количеството на вода во резервоарот.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 627 / 7**
**29.08.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање група на граѓани од населба Близанско, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# О д л у к а

1.Советот на општина Македонски Брод донесе Одлука за легализација на дивоизградени објекти кои гравитираат во заштитниот појас покрај езерото Козјак.

2.Со оваа Одлука можат да се легализираат дивоградбите во заштитниот појас покрај езерото Козјак под услови под кои има примери на легализација кои ги одобрило Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ Прилог копие од добиена согласнот од МЖСПП.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 627 / 8**
**29.08.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за дивоизградени објекти кои гравитираат во заштитен појас на езерото Козјак**

Се прогласува **Одлуката за дивоизградени објекти кои гравитираат во заштитен појас на езерото Козјак,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година.

**Бр.08 - 627 / 11**
**05 .09.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), по доставено барање од м.з населба Близанско 07-576 Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за набавка на црево Ф-90 во должина 850 м, спојки за М.З. село Близанско.

.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 627/9**
**29.08.2014 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барање од м.з населба Близанско**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод по барање од м.з населба Близанско,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година.

**Бр.08 - 627 / 11**
**05 .09.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 9 став 1 точка 8 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ 55/04) и член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 15.ст.4 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), по доставено барање 07-367/3 од М.З.Требовље, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За прогласување на општински пат на територијата на Општина Македонски Брод од село Требовље до село Здуње**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува статус и опис на опфат на општински пат на територијата на општина Македонски Брод и тоа;

1.Општински пат од спој на н.м Требовље до н.м Здуње.
- во должина од 12 км

**Член 2**

Општинскиот пат започнува од спојот н.м. Требовље а завршува до н.м Здуње и ги поврзува село Требовље со село Здуње.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 627/10**
**29.08.2014 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за прогласување на општински пат на територијата на Општина Македонски Брод од село Требовље до село Здуње**

Се прогласува **Одлуката за прогласување на општински пат на територијата на Општина Македонски Брод од село Требовље до село Здуње,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.08.2014 година.

**Бр.08 - 627 / 11**
**05 .09.2014година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 05.09.2014 година донесе

# О Д Л У К А
## За одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на објект училишна зграда во село Косово

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за реконструкција на објект училишна зграда на ПУ село Косово во состав на ООУ„Климент Охридски„-Македонски Брод .

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината . Составен дел на Одлуката ќе биде предмер – пресметка за реконструкција на училиштето изготвена од одделението за урбанизам .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 650/3**
**05.09.2014 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на објект училишна зграда во село Косово**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на објект училишна зграда во село Косово,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 05.09.2014 година.

**Бр.08 - 650 /3-1**
**05 .09.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 8 од 05.09.2014 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за отуѓување на основно средство – моторно возило цистерна во неисправна состојба ........................................................................................... стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за отуѓување на основно средство – моторно возило цистерна во неисправна состојба ........................................................................ стр. 3

Заклучок по барање од Сообраќаен испитен центар ......................................... стр. 4

Заклучок по барање од Крстески Симе ................................................................ стр. 5

Заклучок по барање од М.З. с.Ковач .................................................................... стр. 6

Заклучок по барање од М.З. с.Сланско ................................................................ стр. 7

Одлука по барање од група граѓани од нас.Близанско ....................................... стр. 8

Заклучок за прогласување на Одлуката за дивоизградени објекти кои гравитираат во заштитен појас на езерото Козјак ......................................................................... стр. 9

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ............................................................................................................... стр. 10

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ........................................................................ стр. 11

Одлука за прогласување на општински пат на територијата на Општина Македонски Брод од с.Требовље до с.Здуње .............................................................. стр. 12

Заклучок за прогласување на Одлука за прогласување на општински пат на територијата на Општина Македонски Брод од с.Требовље до с.Здуње ..................... стр. 13

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за реконструкција на објект училишна зграда во с.Косово ........... стр. 14

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за реконструкција на објект училишна зграда во с.Косово .................................................................................................................. стр. 15